Бр./Nr 12-1437/2
26-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – Судски совет на Република Северна Македонија, на продолжението на 46-тата седница одржано на 19.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1437/1 од 27.02.2020 година, со која се доставува на надлежно постапување иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник вработен во Основен суд ---------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-1437/1 од 27.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1437/1 од 27.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – Судски совет на Република Северна Македонија.

Во пријавата, со која се доставува на постапување иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник --------------------------- - вработен во Основен суд ------------, заведена во Судскиот совет на Република Северна Македонија под број ------------ од 14.02.2020 година, се наведува дека во истата се укажува на околности кои од апсект на законските надлежности на Државната комисија може да бидат предмет на нејзино интересирање.

Во прилог на дописот е доставена горенаведената иницијатива од анонимен подносител – колега на судскиот службеник, а во истата се наведува дека се поднесува до Судскиот Совет на Република Северна Македонија согласно член 98 став 1 од Законот за судската служба. Подносителот на иницијативата смета дека посочениот судски службеник во смисла на член 93 став 1 точка 3 од Законот за судска служба, со вршење на партиска функција – Претседател на месна организација на ВМРО-ДПМНЕ во село -------------- прави потешка повреда на службената должност, угледот на судот или угледот на судскиот службеник, со тоа што искажува и застапува политичко уверување со кое го доведува во прашање својот статус на судски службеник со вршење на партиски активности. Конкретно, истиот како Претседател на месна организација на ВМРО-ДПМНЕ во село ---------------- извршувајќи партиски функции го нарушува угледот на судот како

независна институција, колегијалноста помеѓу колегите и лично својот статус како судски службеник со своето политичко уверување застапувајќи ги интересите на одредена партија.

Во продолжение се наведува дека сето ова е во спротивност со Кодексот на етика на вработените во судската служба на Република Северна Македонија, а во прилог на иницијативата се доставени линкови со фотографии од социјалните мрежи на судскиот службеник. Во иницијативата се наведува дека дописот во исто време ќе биде доставен и до Администраторот на Основниот суд во --------.

При разгледувањето на наводите содржани во иницијативата и дописот со придружната документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг орган согласно Законот за судската служба и евентуално прекршување на Кодексот на етика на вработените во судската служба на Република Северна Македонија. Предметната иницијатива не се однесува на прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно на забраните и ограничувањата уредени во Глава пет – Спречување на корупцијата во вршењето јавни овластувања и Глава шест - Спречување на корупцијата во вршењето работи од јавен интерес и други дејности на правни лица, ниту пак има наводи за прекршување на член 8-б од Изборниот законик.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК ВГ

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • Shkup • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut